*К О П Е Л И Ј А* Балет

*Музика :* Лео Делиб, The Residents
*Кореографија и режија :* Ирена Лозинска
*Либрето :* Артир Сен Леон, Шарл Њуитер, Мирјана Анастасова
*Сценографија и костимографија :* ЈасминкаРистовска, Љупка Ристовска

*Копелиус :* Елена Спсевска, Искра Шукарова

*Копелија :* Тамара Анастасова, Олга Пангoвска

*Сванилда :* Билјана Пашариковска, Јасмина Крстевска, Зејнепа Џафер

*Франц :* Иво Карагеоргиев

*Ансамбл*
Ирена Челебиќ, Лиле Миленковска, Маја Симеонова, Маја Јовановска, Маја Митревска, Елизабета Гриовска, Ирина Митевска, Катерина Стевковска, Зејнепа Џафер, Олга Пангoвска
Владо Караев, Виктор Караев, Беким Мемедов, Мирјам Чуни, Киро Павлов

*Г О Л Е М И О Т Б А Х* Балет

*Музика :* Јохан Себастијан Бах
*Кореограф :* Екрем Хусеин
*Асистент кореограф :* Виолета Радовановиќ
*Соработник :* Антон Баталаков

*Солисти*
Зоица Пуровска, Катерина Кипроска
Зоран Велевски, Горан Божинов

*Ансамбл*
Искра Шукарова, Билјана Пашариковска, Сузана Момировска, Маја Симеонова, Јасмина Крстевска, Зејнепа Џафер, Наташа Јосифовска, Елизабета Гриовска, Билјана Кирјазова, Катерина Стефковска, Виолета Радовановиќ, Лилјана Миленковска, Олга Пангoвска, Маја Јовановска, Тамара Анастасова, Маја Митревска, Тања Пастањџки, Ирина Митевска, Ирена Челебиќ

Драган Пандиловски, Младен Ѓурѓев, Стеван Јанкоски, Мирјам Чуни, Владо Караев, Виктор Караев, Беким Мемедов, Киро Павлов, Дончо Велковски, Екрем Хусеин

*Уметнички раководител :* Снежана Филиповска
*Музички соработник :* Вања Николовски
*Инспициент :* Благоја Спировски
*Асистент :* Дубравка Шолова

Балетите ги финансираше Министерството за култура на Република Македонија

*Спонзори: DAL FUFO, ЖИТО ЛУКС, ИЗОМАК, АЛКАЛОИД, JODEX*

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР**

**СКОПЈЕ**

| | |
|---|---|
| **ЛЕО ДЕЛИБ**<br>**THE RESIDENTS** | **ЈОХАН СЕБАСТИЈАН БАХ**<br>**( Музика )** |
| ***К О П Е Л И Ј А*** | ***ГОЛЕМИОТ БАХ*** |
| Балет | Балет |
| Кореографија и режија | Кореографија |
| **ИРЕНА ЛОЗИНСКА** | **ЕКРЕМ ХУСЕИН** |

Сценографија и костимографија
*Јасмина Ристовска Љупка Ристовска*



*П Р Е М И Е Р А*

**Сабота, 04. 02. 1995**
Почеток во 19, 30 часот

## *КОПЕЛИЈА*

Францускиот композитор ЛЕО ДЕЛИБ (1836 - 1891 ) projавил исклучителна дарба особено во доменот на музиката за театар - опера, оперети, драмски спектакли и балети (" Копелија", 1870;"Силвија", 1876).

Операта "Лакме" (1883), шедевр на оперската уметност, обилува со ентузијазам и животна енергија.

Како реформатор на францускиот балет, Л.Делиб внесува иновации во развојот на драмската содржина во танцовиот жанр со длабоко разбирање за спецификите на балетскиот спектакл.

Партитурата на балетот "Копелија" се карактеризира со композициска целовитост, национален колорит во жанровите сцени, преплетување на лирско-драмските и комични ситуации, со богата мелодиозност и раскошна оркестрална разработка.

Композиторот во соработка со либретистите Артир Сен Леон и Шарл Њуитер создал прекрасна балетска поема, врз мотиви од приказната "Песочниот човек" од Ернст Теодор Амадеус Хофман ( 1776-1822 ).

П.И.Чајковски, кој подоцна во својот балет "Оревокршачка" ќе користи, исто така, мотиви од Хофман, високо ја оценил мелодиозноста, ритмичноста и изразениот талент за симфонизам на Делиб.

Во Македонскиот народен театар, "Копелија" е изведена како целовечерен балет во 1954 година.

Новата постановка на кореографот ИРЕНА ЛОЗИНСКА внесува значителни промени во презентирањето на овој балет. Покрај музиката на Л.Делиб се вметнува и музика на англиската група "The Residents", со што се врши своевидно осовременување како на кореографијата, така и на либретото со соодветно дополнување и разработка на основниот мотив - оживување на автоматска кукла. Кон оригиналната кореографија на И. Лозинска во неокласичен и современ стил, приклучени се и нови ликови - ликот на Фани-Фантазијата, која како фиктивна другарка на Сванилда се провлекува како Визија на Копелиус, потоа се материјализира како автоматска кукла - Копелија, еротски Сон на Франц, за на крајот да "оживее" како Пигмалионовата Галатеја во рацете на Копелиус, во некое идно време. Доработката на основната идеја се состои, од една страна, во истакнување на желбата да се оживее робот-кукла, а од друга, да се прикаже автоматизацијата на живи луѓе, што е сѐ поприсутно, како во литературата, така и во реалниот живот на нашето современие.

Дејствието се состои од 5 слики и се одвива во минато, сегашно и идно време. Целиот балет е згуснат во 40 минути, што значително ја усложнува работата на кореографот, сценографот, сценаристот и режисерот на стручен и уметнички план. Но благодарение на залагањето и соработката на целиот тим, новата "Копелија" го доби своето конечно оформување.

## *ГОЛЕМИОТ БАХ*

Великанот на музичката уметност, германскиот композитор ЈОХАН СЕБАСТИЈАН БАХ ( 1685-1750 ) е еден од најзначајните творци што човештвото воопшто ги дало. Неговиот опус е грандиозен не само по обем, туку и по естетските вредности.

Длабоко хумана и благородна е личноста на Бах, неисцрпна е неговата енергија и инвентивност, обележена со моќен индивидуалитет и ненаметлива самосвест.

Бах компонирал световна и духовна музика. Создал дела за соло инструменти, токати, фуги, прелудиуми; концерти за соло инструменти и оркестар, оркестарски суити, увертири, "Бранденбуршки концерти" (6)..., музика за најразлични инструментални и вокални жанрови.

Од вокално-инструменталните дела на Бах ќе ја спомeнеме бесмртната кантата "Matthäuspassion" ("Страдањата по Матеј"). Со нејзината изведеба, под диригентството на Феликс Менделсон во 1829 година, започнува "Баховата ренесанса" која трае сѐ до наши дни..

И покрај тоа, што Бах во своите дела ползувал стари и нему современи танцови форми, сепак, не компонирал музика за опера и балет.

Но бројни кореографи од XX век наоѓаат аналогија помеѓу танцевалната структура и структурата на Баховата музика. Преку своите сопствени изразни уметнички средства во вид на визуелна перцепција, тие ја пренесуваат до гледачот, со што му овозможуваат да ја слуша и воедно "гледа" музиката на Бах, понесен од силен емоционален набој.

Таква визуелизација на дел од "Увертирата", бр.3, во D-dur ("Арија") и "Бранденбуршкиот концерт", бр.3, во G-dur (Allegro, Adagio, Allegro), за прв пат, кај нас, ни овозможува кореографот ЕКРЕМ ХУСЕИН. Тој го идентификува својот буен балетски темперамент со Бах, понесен од неговата музика и со филигрански истенчена и жива кореографска фантазија нѐ пренесува во светот на Баховата "Божествена симфонија", (како инаку да ја наречеме неговата музика ?).

И покрај тоа, што музиката, играта, костимите и декорот нѐ пренесуваат во времето на барокот, пред нас, чиниш, се прикажува Ботичелиевата "Примавера" ("Пролет"), како полетна и спиритуелна "симфонија на младоста".

Учеството на балетските мајстори ЗОИЦА ПУРОВСКА И ЗОРАН ВЕЛЕВСКИ во балетот "Големиот Бах", претставува најава за одбележување на 20-годишниот уметнички јубилеј во нивната успешна балетска кариера.

*Мирјана Анастасова*